Бр.40-145/15
27.08.2024 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата се одржа на 27.08.2024 (вторник) со почеток во 12:00 ч. Во просториите на МКЦ-Битола

На седницата беа присутни 5 членови на ЛСВ (прилог список за присуство)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од шестата седница одржана на ден 18.04.2024
2. Јавен повик за поддршка на волонтерски акции 2024 година
3. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од шестата седница од 18.04.2024 година беше усвоен со 5 гласови ЗА.

Во однос на **вторaта точка**, јавен повик за поддршка на волонтерски акции Претседателот на ЛСВ Златко Талевски ги извести членовите дека ќе се разгледува јавниот повик од претходната 2023 година и сите забелешки кои ги имаат членовите да се вметнат за да може да се изготви нов јавен повик за 2024 година. Предлог на членовите беше да се побара од Општина Битола јавниот повик да биде објавен во првата недела од месец Септември за да има доволно време да се реализираат активностите. Претседателот на ЛСВ исто така ги извести членовите дека оваа година вкупниот буџет е 300.000,оо денари. Јавниот повик од претходната година беше разгледан и од членовите заедно со Претседателот беа направени соодветни измени во делот на временската рамка, во однос на меморандумот за соработка, во делот на дозволи за користење на јавен простор, трошокот за волонтерски надоместоци во согласност со законот за волонтерство да не е поголем од 1/3 од вкупниот буџет на предлог проектот и како таков јавниот повик да се достави до Општината за да се провери и да се објави.

Во однос на **третата точка** тековни прашања, Претседателот на ЛСВ предложи наредниот состанок за биде на почетокот на септември 2024 за да се поделат обврски за имплементација на активностите од годишната програма на ЛСВ.

Записничар:
Наталија Стојковска

Претседател на ЛСВ:
Златко Талевски